Врз основа на член 101 став 4 точка 17 а во врска со член 117 и 118 од Статутот на "Жито Полог" АД – Тетово, Пречистен текст, и член 455 и 456 од Законот за трговски друштва, Собранието на акционери на Друштвото на ден 04.05.2022 година ја донесе следната,

за производство на мелнички, пекарски и други ... и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-1201/14
04.05 2022 год.
Тетово

# ОДЛУКА
## За одобрување на голема зделка

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВА** реализација на голема зделка - Основање на друштво со ограничена одговорност од страна на Жито Полог како единствен содружник и основач на трговско друштво во Република Хрватска со основана главнина од 3.480.000 евра , кое друштво ќе се јави како купувач на вкупно 25.067 акции издадени од Друштво за производство, услуги и промет со моторни возила и резервни делови ТАКСИ – РЕМОНТ АД – Загреб, Република Хрватска ( или во оригинален назив TAKSI –REMONT d.d – Zagreb), со седиште на ул. Андреј Жаје бб – Загреб, ЕМБС( MBS) 080194094 и ЕДБ (OIB) 92071973018 , што претставува 31,33% од основната главнина на Друштвото – издавач по цена од 137,5 евра за една акција или со вкупна купопордажна цена за сите акции во износ од 3.480.000 евра.

**Член 2**

Вредноста на зделката од член 1 од оваа одлука, односно вредноста на оснивачкиот влог за основање на друштвото во Р.Хрватска изнесува 3.480.000 евра или во денарска противвредност пресметано по среден курс на НБРСМ на денот на давањето на предлог одлуката изнесува 214.698.600 денари и претставува 33,78 % од книговодствената вредност на имотот на Жито Полог АД- Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото од 2020 година, што ја претставува вредноста на зделката.

**Член 3**

Собранието на акционери на Жито Полог АД – Тетово **потврдува и одобрува** дека вредноста на зделката цитирана во член 1 од оваа одлука изнесува 214.698.600 денари односно претставува 33,78 % од книговодствената вредност на Жито Полог АД – Тетово утврдена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2020 година и надминува 20% од книговодствената вредност на имотот на Жито Полог АД Тетово според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото и според одредбите на Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото претставува голема зделка на која се применуваат правилата за одобрување на голема зделка .

**Член 4**

Големата зделка цитирана во член 1 од оваа одлука Собранието на акционери на Жито Полог АД – Тетово ја одобри врз основа на добиено мислење од овластен ревизор БЕНД Ревизија и консалтинг ДОО Тетово, кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.

**Член 5**

**СЕ ОВЛАСТУВА** Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово врз основа на оваа одлука да донесува свои одлуки потребни за спроведување и реализација на оваа одлука , а Генералниот Извршен директор на Жито Полог АД Тетово да ги склучи потребните договори како и да ја потпишува и останатата целокупна потребна документација и да ги преземе сите дејства потребни за реализација на оваа одлука .

**Член 6**

Со донесување на оваа одлука Друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговските друштва и важечкиот Статут на Друштвото.

**Член 7**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.
По еден примерок од Одлуката да се достави до:

- правен сектор
- сектор за финансии,
- архива.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**Славица Мишеска Стојановска**

ЖИТО ПОЛОГ АД
ТЕТОВО